UDC 633.71 ISSN 0494-3244

| VOL. 51 | година 2001<br>Прилеп | N° 1-12 |
|---|---|---|

# СПИСАНИЕ НА ТУТУНСКАТА НАУКА И СТРУКА
# BULLETIN OF TOBACCO SCIENCE AND PROFESSION

| ТУТУН<br>TOBACCO | Vol. 51 | N° **1-12** | Стр. 1-368 | Прилеп | JАНУАРИ<br>ДЕКЕМВРИ | **2001** |
|---|---|---|---|---|---|---|

ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН - ПРИЛЕП
УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" - БИТОЛА

TOBACCO INSTITUTE - PRILEP
UNIVERSITY "St. KLIMENT OHRIDSKI" - BITOLA

Издава
ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН - ПРИЛЕП
Published by
TOBACCO INSTITUTE - PRILEP

УРЕДУВАЧКИ ОДБОР - EDITORIAL BOARD

ОДГОВОРЕН УРЕДНИК - EDITOR IN CHIEF
Јордан Трајкоски - Jordan Trajkoski

ГЛАВЕН УРЕДНИК - EDITOR
Кирил Филипоски - Kiril Filiposki

ИЗДАВАЧКИ ОДБОР
Кирил Филипоски
Јордан Трајкоски
Вера Димеска
Ана Корубин-Алексоска
Снежана Стојаноска

ADVISORY BOARD
Kiril Filiposki
Jordan Trajkoski
Vera Dimeska
Ana Korubin-Aleksoska
Snežana Stojanoska

***

ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ
Илија Нунески, Слободан Дражиќ, Иван Туршиќ,
Искра Христовска, Валентина Пеливаноска, Роберт Цвејоски

ADVISORY COUNCIL
Ilija Nuneski, Slobodan Dražić, Ivan Turšić,
Iskra Hristovska, Valentina Pelivanoska, Robert Cvejoski

***

ЈАЗИЧНА РЕДАКЦИЈА - LANGUAGE EDITOR
Снежана Магдеска - Митоска - Snežana Magdeska - Mitoska

***

Во трошоците за издавање на списанието "Тутун - Tobacco" учествува Министерството за образование и наука на Република Македонија

***

Годишната претплата изнесува 900,00 денари, а за правни лица 1.800,00 денари
Жиро сметка 41100-787-21 - Прилеп
Претплатата за странство изнесува 60 US $ и се уплатува на Тутунска Банка А.Д. Скопје
-Deutsche Bank A.G. Frankfurt/M 9362732

Annual subscription of 60 US $ to be paid to Tutunska Banka A.D. Skopje
-Deutsche Bank A.G. Frankfurt/M 9362732

Tel. +389 48 412-760; 412-761; 412-762; Fax: 412-763

Тираж 1.500 Copies 1.500

UDC 633.71
Тутун/Tobacco, Vol.51, N° 3-4, 102-111, 2001
Институт за тутун - Прилеп, Р. Македонија

ISSN 0494-3244

УДК: 338.439.4:633.71.001.73(497.7)
Изворен научен труд

# НЕКОИ ЕКОНОМСКО-ОРГАНИЗАЦИОНИ АСПЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ФАРМЕРСКОТО ПРОИЗВОДСТВО НА ТУТУНОТ ОД ТИПОТ ВИРЏИНИЈА

**Т. Мицески, С. Стојаноска, И. Ристески**
*Институт за тутун - Прилеп*

## ВОВЕД

Изминатото повеќегодишното производство на крупнолисни тутуни во Р. Македонија постави одредена база по организациони форми на производство, капацитети, сорти, сознанија, како и регионална ориентација и насоченост на производството.

Вака поставената база не даде најзадоволителни резултати за зголемување на производството на крупнолисен тутун.

Така, во структурата на вкупното производство повеќе од 20 години учеството на крупнолисните тутуни не е променето и се движи околу 8 % од вкупното производство на тутун во Р. Македонија.

Досегашното производство на овој тутун се остварува преку три организациони форми: општествена, мешовита и приватна.

Иако најголема можност за развој и зголемување на производство на вирџинија има приватниот сектор, особено преку развивање на фармерското производство, сепак тоа кај нас сеуште не е развиено во доволна мера.

Имајќи ги предвид постоечките природни и општествено-економски услови за производство и обработка на крупнолисен тутун од типот вирџинија, со овој труд се настојува да се даде скромен придонес во иницирањето на развојот на фармерско производство на овој тип, што ќе доведе и до зголемување на истото.

## ЦЕЛ

Целта на овој труд е да се добијат некои показатели за производството и производните ефекти на тутунот тип вирџинија и да се посочат некои економско-организациони аспекти за развој на фармерското производство на овој тип.

Со самото иницирање и развој на фармерското производство се има за цел да се создадат услови за зголемување на производството на вирџинијата, со што би се ублажил недостатокот од ваков тип на тутун.

## МАТЕРИЈАЛ И МЕТОД НА РАБОТА

Имајќи ја предвид сложеноста на оваа проблематика и влијанието на голем број производни фактори, во овој труд посебно внимание ќе се посвети на анализата на досегашните производни резултати во светот и земјата и можностите за зголемување на производството, особено преку развивање на фармерско производство на крупнолисниот тип вирџинија.

Исто така, ќе се посвети внимание на

изградбата на организационо-економскиот модел. Притоа, во интерес на проучувањето на сложените природни економски односи во производството на овој тип, ќе се настојува, врз основа на следење и анализа на стварните досегашни движења и преку поставување на одредени можни вредности, да се добие економски оправдано решение за развивање на фармерското производство.

За остварување на поставената цел, ќе извршиме анализа на состојбата во производството на овој тип во Република Македонија во рамките на постоечките природни и општествено-економски односи и ќе ја разгледаме економската оправданост за неговото перспективно зголемување.

Во анализата ќе се користат математичко-статистичкиот, аналитичкиот, калкулативниот и компаративниот метод и методот на анкетирање.

## РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Република Македонија, како традиционален производител и извозник на познати ароматични сорти тутун од типовите прилеп, јака и џебел, во последниот дваесетгодишен период го развиваше и производството на крупнолисни тутуни, првенствено од типот вирџинија. Сепак, истото не ги задоволува бараните количини за потребите на домашната фабрикација.

Со тенденција производството на овој тип тутун да се зголеми, императивно се налага потребата од соодветно организирање на призводните процеси.

Република Македонија, како тутунска земја, ги има сите услови за брз и синхронизиран развој на производството на тутун, особено за оној тип кој е баран на пазарот. Со тоа, ќе се овозможи и таа да ги следи перспективите на тутунскиот пазар во светот.

Перспективите на тутун на светскиот пазар се значително поголеми од оние кои досега постоеја. Последниве години на светскиот пазар е очигледна тенденцијата на пораст на побарувачката на крупнолисни тутуни од типот вирџинија. Ова им дава можност на производителите на светли тутуни, преку реализација на истиот пазар, да остварат забележителни извори од девизни приходи.

Светското производство на вирџиниски тутуни се движи како што следува во Табела 1 и Графикон 1.

Табела 1 - Светското производство на тутун 1992-1995 година
Table 1 - World tobacco production, 1992-1995

во тони - in tons

| Сорта Variety | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 |
|---|---|---|---|---|
| Вирџинија - Virginia | 5.192.377 | 5.169.051 | 4.836.194 | 5.000.000 |
| Вкупно производство Total production | 8.340.039 | 8.306.069 | 6.391.942 | 6.508.226 |
| Учество на вирџинијата во вкупното производство на тутун Percent of Virginia in total tobacco production | 62 % | 62 % | 76 % | 76 % |

Извор: Tobacco journal, International,5/1994 i 5/1996.

Графикон 1 - Светското производство на тутун 1992-1995 година
Figure 1 - World tobacco production, 1992-1995

во тони - in tons




Извор: Tobacco journal, International,5/1994 i 5/1996,

Од друга страна, пак, постои тенденција на се поголема побарувачка на светли тутуни и во нашата земја и сите предвидувања во таа насока не упатуваат на заклучокот дека може да дојде до долготраен недостаток на суровина од овие типови. Сето ова ја наметнува потребата од пораст на производството на овој тутун во нашата Република, и тоа за подолг временски период.

Во Република Македонија, во периодот од 1991 до 1996 година, производството на вирџиниските тутуни се движеше како што следува:

Табела 2 - Производство на тутун од типот вирџинија и вкупно производство на тутун во Р. Македонија (1991-1996 год.)
Table 1 - Virginia production and total tobacco productin in Macedonia (1991-1996)

во тони - in tons

| Сорта Variety | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вирџинија -Virginia | 1.721 | 1.520 | 1.847 | 1.440 | 1.054 | 1.270 |
| Вкупно производство Total production | 25.195 | 26.506 | 24.002 | 18.862 | 15.683 | 14.958 |
| Учество на вирџинијата во вкупното производство на тутун Percent of Virginia in total tobacco production | 7 % | 6 % | 8 % | 8 % | 7 % | 8 % |

Извор: Анализа на остварените резултати на ситемот „Југотутунее Скопје 1996 година, обработката е наша.

Прикажаното производство на крупнолисен тутун од типот вирџинија во Р.Македонија (Табела 2) не ја задоволува домашната потрошувачка, која повеќе од две третини се покрива од увоз.

Затоа се наложува потребата да се испита економската оправданост за зголемување на производството на овој тип особено преку фармерско производство.

Република Македонија со своите релјефни, климатски, педолошки и хидролошки карактеристики нуди доста поволни

**Графикон 2 - Производство на тутун од типот вирџинија и вкупно производство на тутун во Р. Македонија (1991-1996 год.)**

Figure 2 - Virginia production and total tobacco productin in Macedonia (1991-1996)

во тони - in tons




услови за развој на производството на крупнолисни тутуни, особено од типот вирџинија. Тоа, впрочем, е потврдено од страна на стручни и научни работници кои во согласност со Законот за тутун, извршија диференцирање на реоните и микрореоните погодни за производство на типот вирџинија.

Така, во Решението за определување на производните региони за типовите суров тутун во лист, донесено од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (Сл.весник на Р.Македонија бр 24/1997 од 30.05.1997 година), наведени се следниве региони:

1. Североисточен производен регион, кој ги опфаќа Скопскиот, Кумановскиот и Кривопаланечко-кратовскиот реон.

Како реон каде се одгледува тутунот тип вирџинија се истакнува Кумановскиот реон.

2. Западен производен регион, кој ги опфаќа Полошкиот (Тетовско-гостиварскиот), Охридско-струшкиот и Кичевскиот, Дебарскиот и Ресенскиот реон.

Како реони каде се одгледува тутун од типот вирџинија се наведуваат: Полошкиот, Охридско-струшкиот и Кичевскиот, Дебарскиот и Ресенскиот реон, односно целиот Западен регион.

3. Југозападен производен регион, кој го опфаќа Пелагонискиот реон.

Исто така и во овој реон се одгледува тутунот вирџинија.

4. Централноисточен производен регион кој ги опфаќа Тиквешко-велешкиот, Овчеполскиот, Кочанско-виничкиот реон и Делчевско-пехчевскиот реон.

Како реон каде се одгледува тутунот тип вирџинија се наведува само Кочанско-виничкиот реон.

5. Југоисточен производен регион кој ги опфаќа Гевгелиско-Валандовскиот и Струмичко-Радовишкиот реон.

Како реон каде се одгледува вирџинијата се наведува Струмичко-радовишкиот реон.

Општ е заклучокот дека скоро во сите региони, покрај ориенталските типови на тутун е застапен типот вирџинија. Неговата концентрација е поголема во оние реони каде еколошките услови се наклонети за овој тип тутун. Во тој поглед, како посебни се истакнуваат Југозападниот и Западниот производен регион, и тоа во подрачјата на општините каде еколошките услови се најпогодни за производство на вирџинија.

Југозападниот регион, т.е. Пелагонискиот реон, почнувајќи од Битола па одејќи во насока на Македонски Брод, е погоден за одгледување на овој тип тутун. Така, подрачјата на селата Долно Србци, Могила и други, по течението на Црна Река и Шевница, каде почвата е од алувијално-колувијален и колувијално-алувијален тип, се мошне погодни за одгледување на вирџинија. Исто така и условите за наводнување во текот на вегетацијата се доста поволни, бидејќи вода се користи од ХМС "Стрежево" , од Црна Река, Шевница, и сл.

Исто така и другите населени места, како што се Ивањевци, Бучин, Обршани, П. Рувци и сл, кои користат вода од Црна Река и од артерски бунари, се погодни за производство на вирџинија. Не треба да се заборави и подрачјето на Кривогаштани, каде копаните канали, артерските бунари, наби-

ените цевки и самата почва го дозволуваат производството на овој тутун. Производството во наведените подрачја е концентрирано главно на глинесто-песокливи и песокливо-глинести почви.

Иако прилепското подрачје се наоѓа во понезавидна положба, сепак, на поквалитетните површини, со примена на агротехнички мерки и особено со користење на водите од вештачкото езеро, помалите акумулации, реките, артерските бунари, набиените цевки и сл., производството на вирџинија не само што не изостанува туку има реални можности во понатамошниот период и да се зголеми.

Производството на вирџинија во подрачјето на Македонски Брод во поголема мера е концентрирано по течението на реката Треска, особено на алувијален и колувијално-алувијален тип на почва. Наводнувањето претежно се изведува од реката Треска.

Западниот производен регион со Полошкиот (Тетовско-гостиварскиот) реон, Охридско-струшкиот и Кичевскиот, Дебарскиот и Ресенскиот реон се одликуваат со поголема количина на врнежи и повисока релативна влага на воздухот, како и со соодветна поволна почва за производство на вирџинија.

Во Полошкиот реон, производството на вирџинија е концентрирано на алувијално-колувијален тип на почва, во подрачјата кадешто минуваат бројните реки и рекички.

Производството на вирџинија во Охридскиот и Ресенскиот реон се изведува на алувијално-колувијален и колувијално-алувијален тип на почва.

Централно-источниот производен регион, исто така, дава можности за производство на вирџинија, особено во Кочанско-виничкиот реон.

Во Североисточниот производен регион, типот вирџинија се произведува само во кумановскиот реон.

Досегашното производство на тутун од типот вирџинија во Република Македонија во последниве десет години се одвиваше како што е прикажано во Табела и Графикон 3.

Табела 3 - Произведени количини на тутун од типот вирџинија, 1987-1996 година

Table 3 - Virginia tobacco production, 1987-1996

во тони - in tons

| Тип<br>Type | 1987 | 1988 | 1989 | 1990 | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вирџинија<br>Virginia | 1.824 | 1.565 | 1556 | 1.366 | 1.866 | 1.520 | 1.847 | 1.444 | 1.054 | 1.270 |

Графикон 3 - Произведени количини на тутун од типот вирџинија, 1987-1996 година

Figure 3 - Virginia tobacco production, 1987-1996 во тони - in tons




Произведениот тутун вирџинија во наведениот десетгодишен период беше засаден на површина како што е прикажано во Табела и Гафикон 4.

Табела 4 - Засадени површини на тутун тип вирџинија 1987-1996 година
Table 4 -Areas planted with Virginia tobacco, 1987-1996

во Ха - in ha

| Тип Type | 1987 | 1988 | 1989 | 1990 | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вирџинија Virginia | 1.369 | 1.213 | 1.081 | 777 | 1.005 | 1.110 | 1.136 | 1.052 | 572 | 651 |

Графикон 4 - Засадени површини на тутун тип вирџинија 1987-1996 година
Figure 4 -Areas planted with Virginia tobacco, 1987-1996

во Ха - in ha




Бројот на производителите на тутун од типот вирџинија се движеше како што е прикажано во Табела и Графикон 5.

Табела 5 - Број на производители на тутун тип вирџинија во Р. Македонија 1987-1996 година
Table 5 - Number of producers of tobacco type Virginia in Macedonia, 1987-1996

| Тип Type | 1987 | 1988 | 1989 | 1990 | 1991 | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вирџинија Virginia | 1.070 | 865 | 919 | 521 | 978 | 1127 | 1251 | 790 | 660 | 750 |

Графикон 5 - Број на производители на тутун тип вирџинија во Р. Македонија 1987-1996 година
Figure 5 - Number of producers of tobacco type Virginia in Macedonia, 1987-1996




Заедничкиот графикон на оствареното производство, засадената површина во ха и бројот на производителите би изгледал како што следува.

Графикон 6 - Заеднички графички приказ на производството,засадените површина и бројот на производителите на тутунот тип вирџинија

Figure 6 - Graphic presentation of production, planted area and number of producers of tobacco type Virginia




Production in tons Planted area, ha Number of producers

Иако во одделни региони и реони еколошките услови се наклонети за зголемување на производството на вирџинија, истите не се доволно искористени.

Во нив постојат реални можности за зголемување на ова производство, особено преку развојот на фармерско производство.

За развивање на фармерското производство на тутун, покрај поволноста на природните услови (почва, клима, вода), потребно е фармерот да располага со најнеопходните ресурси: обработлива површина, современа механизација, инсталирани капацитети за сушење на тутунот-сушници, работна рака, систем за наводнување и други неопходни потреби за обезбедување на производството.

Производството треба да се заснова врз користење на сортно и квалитетно тутунско семе, современи агротехнички мерки, обработка и нега на тутунот на површините и заштита на почвата и самиот тутун од плевели, болести и штетници, навремена и правилна берба во зависност од технолошката зрелост и примена на правилна технолошка постапка за време на сушењето.

Сушењето на вирџиниските и берлејските тутуни би се изведувало кај самиот тутнопроизводител-фармер, во сопствени сушници.

Досегашното искуство покадува дека располодливите капацитети за ваквите тутуни не се искористени во ниеден сектор на производството. Капацитет за сушење се користи само со 40%. Тоа значи дека во Р. Македонија општествениот и приватниот сектор располагаат со доста сушници. Недостатокот на сушници би се обезбедил со набавка на нови. Значи, фармерот би ги обезбедил сушниците по пат на купување во готово, на кредит и сл., или по пат на лизинг.

Исто така, фармерите можат да воспоставаат и кооперативни односи со претпријатијата или меѓусебни односи за користење на сушници при евентуален недостаток на сопствени капацитети.

Основен фактор за развој на фармерското производство на тутунот од типот вирџинија е неговата економска оправданост, односно неговиот економски ефект.

Направените трошоци, остварениот приход и добивка при минимално, реално и максимално остварен принос по хектар, би се движеле како што е прикадано во Табела 7.

Табела 7 - Предвидени трошоци и очекуван приход по хектар засадена површина под вирџинија

Table 7 - Anticipated expenses and expected income from Virginia planted areas

Во денари - in denars

| Елементи-Elements | 1.500 kg/ha | 2.000 kg/ha | 2.500 kg/ha |
|---|---|---|---|
| Вкупен приход Total income | 225.000 | 300.000 | 375.000 |
| Вкупно трошоци Total expenses | 193.000 | 206.261 | 219.511 |
| Добивка - Profit | 31.989 | 93.739 | 155.489 |

Доколку истите елементи се прикажат графички (Графикон 7), ќе се забележи нивната меѓусебна зависност. Оттука, јасно се гледа дека оптималното производтво на крупнолисниот тутун би требало да се движи околу 2.000 кг/ха, со тенденција на зголемување.

Графикон 7 - Предвидени трошоци и очекуван приход по хектар засадена површина под вирџинија

Figure 7 - Anticipated expenses and expected income from Virginia planted areas

Во денари - in denars




Total income Total expenses Profit

Со развивање на фармерското производство многу семејства ќе најдат ангажирање на своите членови, воведување на индустриско работно време, редовен работен однос на полнолетните членови и вработување на дополнителна работна сила.

## ЗАКЛУЧОК

Република Македонија како традиционален производител и извозник на познати и признати ароматични сорти тутун од типовите прилеп, јака и џебел, во последниов дваесетгодишен период го развиваше и производството на крупнолисни тутуни, првенствено од типот вирџинија, но покрај тоа, истото не ги задоволува бараните количини за потребите на домашната фабрикација.

Со тенденција производството на овој тип тутун да се зголеми, императивно се налага потребата од соодветно организирање на производните процеси.

Република Македонија со своите релјефни, климатски, педолошки и хидролошки карактеристики, нуди доста поволни услови за развој на производството на крупнолисни тутуни, особено од типот вирџинија. Тоа впрочем е потврдено од страна на стручни и научни работници, кои во согласност со Законот за тутун извршија диференцирање на реоните и микрореоните погодни за производство на типот вирџинија.

Постојат реални можности за зголемување на производството на овој тип, особено преку развој на фармерското производство.

За развивање на фармерското производство на тутун, покрај поволноста на природните услови (почва, клима, вода) потребно е фармерот да располага со најнеопходните ресурси: обработлива површина, современа механизација, инсталирани капацитети за сушење на тутунот-сушници, работна рака, систем за наводнување, и други неопходни потреби за обезбедување на производството.

Производството треба да се заснова врз користење на сортно и квалитетно тутунско семе, современи агротехнички мерки, обработка и нега на тутунот на површините и заштита на почвата и самиот тутун од плевели, болести и штетници, навремена и правилна берба, во зависност од технолошката зрелост, како и примена на правилна технолошка постапка за време на сушењето.

Сушењето на вирџиниските и берлејските тутуни би се изведувало кај самиот тутнопроизводител-фармер, во сопствени негови сушници.

Досегашното искуство покажува дека расположивите капацитети заееквите тутуни не се искористени во ниеден сектор на производството. Расположивиот можен капацитет за сушење се користи со 40%. Тоа значи дека во Р. Македонија општествениот и приватниот сектор располагаат со доста сушници. Недостатокот на сушници би се обезбедил со набавка на нови.

Значи, фармерот сушниците би ги обезбедил по пат на купување во готово, на кредит и сл., или по пат на лизинг.

Исто така, фармерите можат да воспоставаат и кооперативни односи со претпријатијата или меѓусебни односи за користење на сушници при евентуален недостаток на сопствени капацитети.

Основен фактор за развој на фармерското производство на вирџинијата е неговата економска оправданост, односно неговиот економски ефект.

Според направените пресметки, при современо, квалитетно и навремено производство на тутун од типот вирџинија, фармерот не само што ќе ги покрие трошоците на производство и општите трошоци поврзани со тоа производство, туку ќе обезбеди и вработување за своите членови во семејството, користење на дополнителна работна сила, воведување на осумчасовно работно време и остварување нето добивка.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Hawks S.N., Collins W.K.Jr.:, 1994. Načela proizvodnje virginijskog duhana, Ceres, Zagreb.

2. Попоски Љ., Филипоски К., 1991. Некои аспекти на организацијата на производството на вирџиниските тутуни во Р.Македонија, Институт за тутун Прилеп, Тутун, 11-12.

3. Попоски Љ.1987. Вирџинијата во производството и потрошувачката на тутунската суровина во Р. Македонија, Институт за тутун Прилеп, Тутун, 9-10.

4. Чавкароски Д., Ристески И., Аческа Н., 1992. Некои аспекти од развојот на типот вирџинија во Р. Македонија, Институт за тутун Прилеп, Тутун, 7-12.

5. Мицески Т., 1996. Местото и улогата на тутунот во стратегијата за долгорочниот развој на стопанството во Република Македонија, Тутунски лист, април-мај.

6. Годишни Анализи на работењето на А.Д. Југотутун , Скопје

7. Статистички годишници на Р. Македонија, Завод за статистика на Р. Македонија, Скопје

8. Службен весник на Република Македонија број 24 од 30 мај 1997 година.

# *SOME ECONOMIC AND ORGANIZATIONAL ASPECTS FOR DEVELOPMENT OF FARM PRODUCTION OF TOBACCO TYPE VIRGINIA*

**T. Miceski, S. Stojanoska, I. Risteski**

*Tobacco Institute - Prilep*

## *SUMMARY*

During the period of over twenty years production of the large leaf tobacco of the type Virginia in the Republic of Macedonia, certain basis has been established in the sense of organizational forms of this production, facilities, varieties, regional orientation and tendencies. However, this basis did not give the expected results in the increase of production of the large leaf tobacco type. Thus, in the structure of total production of the Republic of Macedonia, the share of these tobaccos has remain unchanged in the last 20 years, ranging about 8 %.

Until now, the organization and production of this tobacco type was arranged into three forms: public (50%), mixed (35%) and private (15%). Although private sector has the greatest possibilities for development and increase of the Virginia tobacco, especially by development of a farm production, it still has not reached a higher level, which could be seen from its share in the total production. The aim of this paper was to study the economic justification for increase of the production of this tobacco type in the Republic of Macedonia, especially through farm production.

*Author's address:*
*T. Miceski*
*S. Stojanoska*
*I. Risteski*
*Tobacco Institute-Prilep*
*Kicevski pat, bb*
*7500 Prilep*
*Republic of Macedonia*